| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2. | Апостолска Соња,Ренџова Василка | Ендодонција | Апостолска Соња,Ренџова Василка | 2014 |
| | | 3. | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | А. Демиен Валмсли и сор. | Ресторативна стоматологија | Арс Ламина ДОО | 2011 |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Детска стоматологија | | | |
| 2. | Код | ОХЗДС3 | | | |
| 3. | Студиска програма | Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Стоматолошки факултет –Скопје, Катедра по детска и превентивна стоматологија | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 3 | семестар | 5 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 7 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф.др.Мери Павлевска | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Освоени кредити, Основи на орална хигиена, Превентивна стоматологија | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Стдентот да се стекне со пошироки познавања околу стоматолошката работа со деца,психолошки типови на деца; начинот на земање анамнеза и клинички преглед, запознавање со растот и развојот во орофацијалната регија, анатомоморфолошките карактеристики на млечните и трајните заби, денталните аномалии; запознавање со кариесот и начинот на неговото третирање, како и третман на заболувањата на пулпата и пародонталните ткива; запознавање со заболувањата на меките ткива во устата на децата; орални манифестации на алергиските, нутритивните, габичните и хроничните заболувања; екстракција на млечни заби;тумори и цисти во орофацијалната регија; водич за примена на антибиотици и третман на ургентните состојби; основни познавања од интерцептивата и педопротетиката;трауматски повреди на забите . | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | **Теоретска настава -предавања**<br><br>**1.Поглавје - Воведни концепти во детската стоматологија и раст и развој на орофацијалната регија**<br><br>- стоматолошката работа со деца,психолошки типови на деца; поделба на | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | децата според возраста ---------- 2 часа<br>- анамнеза и клинички преглед.............................. 1 час<br>- раст и развој во орофацијалната регија ----------- 1 час<br>- анатомоморфолошки карактеристики на млечните и трајните заби ------------ ---------------------------------- 1 час<br>- хронологија на никнување на млечни и трајни заби ----- 1 час<br>- денталните аномалии.............................................. *1* час<br><br>*Резултати од 1 поглавје : Студентот се запознава со основните концепти во детската стоматологија, вклучително психолошкиот развој на децата, техники за воспоставување соработка,, процесите на растот и развојот во орофацијалната регија, одонтогенезата, хронологијата на забната смена, и анатомските и хистолошките карактеристики на млечните и трајните заби и учи да препознава и диференцира различни типови на неправилности во развојот на забите*<br><br>**2.Поглавје – Кариес и заболувања на пулпата и пародонталните ткива кај млечни и млади трајни заби**<br><br>- Дентален кариес. Развој на кариозна лезија, откривање и дијагноза на кариес. Дијагностички методи (визуелно-тактилно и радиографско испитување) и помошни методи. Класификација на кариес. Третман на кариес – неоперативен и оперативен третман Индикации за ресторативен третман кај млечни заби ресторативни техники, материјали за реставрација на млечни заби. Циркуларен кариес ------------------------------------- 3 часа<br>- Кариес на млади трајни заби (класификација, карактеристики, терапија). ---- ----------------------- 1 час<br>- Заболувања на пулпата и пародонталните ткива кај млечните и млади трајни заби заби (класификација, етиологија, индикации за лекување, клиничка слика и диференцијална дијагноза на заболувањата на пулпата, методи на терапија на заболувањата на пулпата) - 3 часа<br><br>*Резултати од 2 поглавје.....- Студентот стекнува знаења за етиологијата, дијагностиката и современите концепти на третман на кариес кај млечни и млади трајни заби, со акцент на минимално инвазивните техники и етиологијата, клиничката слика, дијагностиката и терапијата на пулпините и пародонталните заболувања кај млечните и трајните заби, како и со специфичностите на ендодонтскиот третман кај деца.*<br>**Поглавје 3. Материјали во детската стоматологија**<br>- средства за тоалета на кавитети, материјали за привремено затворање на кавитети, бази, лајнери, материјали за дефинитивна оптурација на коренските канали, ресторативни материјали (композити, глас-јономер цементи, хибридни материјали).-------- 3 часа<br><br>*Резултати од 3.поглавје - Студентот стекнува знаења за стоматолошките материјали кои се употребуваат во детската стоматологија како и за начинот на нивната припрема и апликација.*<br>**Поглавје 4. Заболувања на меките ткива во оралната празнина кај децата**<br>-повреди на слузницата (механички, термички, хемиски, зрачења); заболувања на усните; заболувања на јазикот: Lingua geographica, Lingua villosa nigra, развојни аномалии на јазикот (Lingua plicata, Glossitis rhombica mediana, Macroglossia, Microglossia, Aglossia, Lingua bifida, Ankyloglossia).---- - 1 час<br>- Заболувања на гингивата: Gingivitis cattharalis, Gingivitis hyperplastica, Gingivitis fibromatosa, Gingivitis ulcero-necroticans, Gingivitis при никнење, Pericoronitis); заболувања на пародонциумот: етиологија, класификација, тераписки модалитети - ---- 1 час<br>- Орални манифестации на инфективни заболувања: бактериски, вирусни, габични инфекции; орални манифестации на системските заболувања: хематолошки заболувања (заболувања на црвената, белата крвна лоза, |

заболувања со тенденција за крварење), кожни, кардиоваскуларни, респираторни, ендокрини и ренални, гастроинтестинални заболувања); нутритивни пореметувања.------ 2 часа

*Резултати од 4.поглавје - Студентот стекнува знаења за за заболувањата на меките ткива во оралната празнина кај децата , оралните манифестации на инфективните заболувања и третманот на деца со системски и хронични заболувања.*

**Поглавје 5. Орално-хируршки интервенции кај деца**

- екстракции на млечни и трајни заби, индикации и контраиндикации, инструментариум, методологија, компликации при и по екстракција на забите, специфични орално-хируршки интервенции кај деца.Тумори и цисти во детска возраст - 2 часа

*Резултати од 5.поглавје - Студентот стекнува знаења за инструментите кои се користат за екстракција на млечнии трајни заби, видови на анестезии , компликациите кои може да настанат при орално-хируршките интервенции бенигни и малигни заболувања во детска возраст.*

**Поглавје 6. Дентогени инфекции кај деца и антибиотици во детска возраст. Ургентни состојби**

**-** Дентогени инфекции кај деца: етиологија, дијагноза, видови, терапија.Антибиотици и останати антимикробни медикаменти во детска возраст: видови, дозирање и модалитети за примена---------------------------------2 часа

- Ургентни состојби: алергиски реакции, колапс, хистеричен напад, епилептичен напад, опструкција на airway, хипо- и хипергликемија, хипо- и хипервентилационен синдром.----- 2 часа

*Резултати од 6.поглавје - Студентот стекнува знаења за дентогените инфекции кај деца, и начинот на третман, видови на антибиотици и антимикробни средства и дозирање во детската стоматологија како и ургентните состојби кои може да се случат во стоматолошката ординација и нивниот третман.*

**Поглавје 7 - Повреди на забите и потпорните ткива кај деца; Педопротетика во млечна и трајна дентиција; интерцептивна ортодонција.**

- Повреди на забите и потпорните ткива кај деца: епидемиологија, етиологија, постапка при третманот- анамнеза, клиничко испитување, параклинички испитувања, поставување на дијагноза; класификација на повредите. ---- 1 час

- Терапевтски процедури при повреди на забите и потпорните ткива кај деца. Компликации од повредите на забите и потпорните ткива ----- 1 час

- Педопротетика во млечна и трајна дентиција; интерцептивна ортодонција. -------- 1 час

*Резултати од 7.поглавје - Студентот стекнува знаења за трауматските повреди на забите, пружање на прва помош и можностите за третман, како и индикациите и контраиндикациите за протетска рехабилитација во детска возраст и раниот ортодонтски третман.*

**Вкупно: ............................................................*30 часа***

***Практична настава-вежби***

- ***Од првото поглавје:*** **Вежби за клинички пристап кај детскиот пациент. *3 Часа***

   - Основни принципи при третман на деца во стоматолошка ординација, однос стоматолошки тим /пациент, однос кон пациентите врз основа на психолошкиот профил, прва посета на детето кај стоматолог - 1 час

   - Третман на пациенти со посебни потреби и деца со дентофобија - 1 час

   - Стоматолошки преглед на детето: општа проценка на пациентот, анамнеза, клинички преглед, евидентирање и документирање на добиените податоци .

| | | |
|---|---|---|
| | | Анатомохистоморфолошки карактеристики на млечните и трајните заби. Аномалии на забите - 1 час<br><br>***- Од второто поглавје:* Вежби за дијагностика и третман на кариес и заболувања на пулпата и пародонталните ткива кај млечни и млади трајни заби 3 *часа***<br>- Дентален кариес во детска возраст: обезбедување на суво работно поле, препарација на кавитети кај млечни и трајни заби, третман на циркуларен кариес - 1 час<br>- Подготовка на кавитетот за реставрација, методи на поставување на реставрациите - 1 час<br>- Терапевтски процедури при заболувањата на пулпата и пародонтот: витални и мортални методи во третманот, третман на заболувањата на пародонтот кај млечните и младите трајни заби заби - 1 час<br><br>***- Од трето поглавје:* Вежби за Материјали во детската стоматологија - 2 часа**<br>**2.** **-** средства за тоалета на кавитети, материјали за привремено затворање на кавитети, бази, лајнери, материјали за дефинитивна оптурација на коренските канали, реставративни материјали (композити, глас-јономер цементи, хибридни материјали).--------- 2 часа<br><br>***- Од четврто поглавје:* Вежби за Заболувања на меките ткива во оралната празнина кај децата - *1 час***<br>- Стоматолошки третман при заболувања на меките ткива во оралната празнина кај децата. Одстранување на меки и тврди наслаги. 1 час<br>***- Од петo поглавје :* Вежби за Орално-хируршки интервенции кај деца 1 час**<br>- инструменти кои се користат за екстракција на млечнии трајни заби, видови на анестезии , компликациите кои може да настанат при орално-хируршките интервенции ----- 1 час<br>***- Од шесто поглавје :* Вежби за Дентогени инфекции кај деца и антибиотици во детска возраст. Ургентни состојби - 2 часа**<br>- Терапија при дентогени инфекции кај деца -Ординирање на антибиотици и останати антимикробни медикаменти во детска возраст: дозирање и модалитети за примена, комбинација на антибиотици, профилактичка администрација на антибиотици - 1 час<br>- Третман при ургентни состојби: алергиски реакции, колапс, хистеричен напад, епилептичен напад, опструкција на airway, токсична реакција на анестотици, cardiac arrest, хипо- и хипергликемија, хипо- и хипервентилационен синдром - 1 час<br><br>***- Од седмо поглавје:* Вежби за повреди на забите и потпорните ткива кај деца; Педопротетика во млечна и трајна дентиција; интерцептивна ортодонција.- 3 часа**<br>- Стоматолошка процедура при повреди на забите и потпорните ткива кај деца: епидемиологија, етиологија, постапка при третманот-анамнеза, клиничко испитување, параклинички испитувања, поставување на дијагноза - 2 часа<br>- Протетски третман на деца во млечна, мешовита и трајна дентиција. Интерцептивни ортодонтски процедури - 1 час |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***Резултати од практичната настава:*** *Студентите се стекнуваат со практични вештини за да ги аплицираат своите теоретски знаења во клиничката пракса, со фокус на современите ендодонтски, реставративни и хируршки техники, на третманот на меките ткива, денталните трауми и нивните компликации, и на интердисциплинарниот пристап кај децата. Дополнително, тие се обучуваат за препознавање и менаџирање на ургентните состојби во стоматолошката ординација.*<br><br>***Вкупно ..................................................................15 часа*** |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Предметот е поврзан со основните медицински предмети и со Превентивна стоматологија |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Интерактивна настава, вежби, демонстрација на клинички случаи, практична работа со пациенти под супервизија. |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | **210 часа** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | **30 часа** |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | **15 часа** |
| | | 16.3. | Пракса: часови | **60 часа** |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | **105 часа** |
| 18 | Услови за потпис | За да добие потпис студентот е потребно да ги исполни обврските за време на теоретската и практичната настава. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | Начин на оценување | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | 60 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | 10 |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | 30 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Марија Стевановиќ, Мира Јанкуловска, Џон Николсон, Елизабета Ѓоргиевска (уредник), Ана Сотировска – Ивковска, Златко Георгиев, Дејан Марковиќ, Александар Димков, Мери Павлевска, Алберто Бенедети, Драгана Габриќ, Марко Вулетиќ, Бернард Јанковиќ, Ефка Жабокова-Билбилова, Тамара Периќ, Бојан Петровиќ, Весна Амбаркова, Олга Кокочева-Ивановска, Јасна Симоноска | Детска стоматологија | Арс Ламина | 2022 |
| | | 2. | Beloica D i sar | Deĉja stomatologija | Elit-Medica Beograd | 2000 |
| | | 3. | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | McDonald R, Avery D | Dentistry for the Child and Adolescent | Mosby, 7 ed | 1999 |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |

| Прилог бр.3 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Орални фокални инфекции | | | |
| 2. | Код | ОХЗОФИЗ | | | |
| 3. | Студиска програма | Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Стоматолошки факултет –Скопје, Катедра по болести на забите и ендодонтот | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 3 | семестар | 5 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 3 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф .д-р Емилија Стефановска, Проф. д-р Силвана Георгиева | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање | ислушани сите задолжителни предмети од трета година и положени сите задолжителни предмети од втора година | | | |